**Министерство за транспорт и врски**

# ДО ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Име на материјалот:**
Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за гробишта и погребални услуги

**Усогласеност со Програмата на Владата:**
Да

**Усогласеност со член 68 од Деловникот за работа на Владата:**
Да

**Предлог на која седница на Влада да се разгледа материјалот:**
На прва наредна

**Доверливост на материјалот:**
Не

**Итност на материјалот:**

ДА

**Прилог:**

**Дата на доставување на материјалот:**

**07.09.2010**

**Министер за транспорт и врски,**

**Миле Јанакиески**

**Република Македонија**

**Министерство за транспорт и врски**

Предлог на Закон
за изменување и дополнување на Законот за гробишта и погребални услуги

**ПОТПИС:** ______________________

Министер
Миле Јанакиески

Скопје, 09.2010 година

**1.Осврт по материјалот:**

Со Предлог Законот за изменување и дополнување на Законот за гробишта и погребални услуги ("Службен весник на Република Македонија" бр.51/05,137/07 и 91/09) се предлагаат измени и дополнувања, кои се во насока на доуредување на одделни одредби во делот на начинот на вршење на погреб на умрени лица па се предлага дополнување на одредбите од членот 30 со која се создава обврска на лицето кое врши погребални услуги за извршеното погребување да достави примерок од одобрението за погреб до надлежниот орган за водење на матичните книги на умрени лица.

Предложените измени и дополнувања на законот се со цел за создавање на можност за водење на правилна и целосна евиденција на погребани лица во Републиката а со тоа и ефикасност во водењето на евиденциите на починати лица, од страна на надлежните органи.

Исто така, со Прелогот на законот се врши и унапредување на казнената политика, како и воведување на кривично дело за субјектите кои вршат погребални услуги, доколу извршат погреб без одобрение за погреб.

**2. Разгледани можни решенија (за-против аргументи):**

**3. Резултати од извршените консултации со ресорните министерства, другите органи на државната управа и организации:** Предлог законот беше доставен на мислење до : Министерство за финансии, Министерство за правда, Министерство за локална самоуправа, Секретаријат за законодавство, ЗЕЛС и до Кабинетот на заменик претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за економски прашања. До Министерството за транспорт и врски, во предвидениот рок се доставени мислења од Секретаријат за законодавство, Министерството за правда и Министерството за локална самоуправа, чии предлози и забелешки се вградени во Предлогот на законот.

**4. Решение кое се препорачува (со образложение):**

**5. Фискални импликации на материјалите што се предлагаат: Не**

**6. Очекувани влијанија:**

Со предложените измени и дополнувања на законот се одчекува создавање на можност за водење на правилна и целосна евиденција на погребани лица во Републиката а со тоа и ефикасност во водењето на евиденциите на починати лица, од страна на надлежните органи.

**7. Усогласеност со европското законодавство (кои директиви на ЕУ се транспонираат во нашето законодавство): Нема**

**8. Оценка на Секретаријатот за законодавство по материјалот: Да**

**9. Клучни елементи за информирање на јавноста:**

# Министерство за транспорт и врски

**ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА**
**ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА**
**ЗАКОНОТ ЗА ГРОБИШТА И ПОГРЕБАЛНИ УСЛУГИ**

Скопје, септември 2010 година

## I. Оцена на состојбите во областа што треба да се уреди со законот и причини за донесување на законот

Со Законот за гробишта и погребални услуги ("Службен весник на Република Македонија" бр. 86/08) уредени се прашањата кои се однесуваат на начинот на определување, изградба, одржување, употреба и видовите на гробишта, управувањето со гробиштата, условите и начинот на вршење на погребалните услуги и други прашања кои се однесуваат на изградбата на надгробни споменици и упоребата на гробно место.

Имајќи ја во предвид досегашната примена на законот се воочија непрецизности на одредени одредби и регулирање на прашања кои не се уредени, а е потребно нивно регулирање со закон, заради што произлезе потребата од изменување и дополнување на законот.

## II. Цели, начела и основни решенија

Со Предлогот на Законот се предлагаат измени и дополнувања, кои се во насока на уредување на прашањето за доставување на одобрението за погреб што го издава управителот на гробиштата до надлежниот орган за водење на матичните книги. Така, со законот се предлага дополнување на одредбите од членот 30 со нова одредба со која се создава обврска на лицето кое врши погребални услуги за извршеното погребување да достави примерок од одобрението за погреб до надлежниот орган за водење на матичните книги.

Предложените измени и дополнувања на законот се со цел за создавање на можност за водење на правилна и целосна евиденција на погребани лица во Републиката а со тоа и ефикасност во водењето на евиденциите на починати лица, од страна на надлежните органи. Со измените на законот се предлага и дополнување на член 40 во поглед на овластување на Државниот комунален инспекторат кога ќе констатира дека јавно претпријатие работите на управување со гробишта и погребалните услуги ги врши спротивно на законот, да покрене прекршочна постапка против јавното претпријатие и одговорното лице.

Исто така, со Предлогот на законот се врши и унапредување на казнената политика.

Предлогот на Законот се заснова на истите начела на кои е заснован законот.

## III. Оцена на финансиските последици од Предлогот на Закон врз Буџетот и другите јавни финансиски средства

Со Предлогот на Законот за изменување и дополнување на Законот за за гробишта и погребални услуги не се предвидени финансиски импликации врз Буџетот на Република Македонија.

**IV.Процена на финансиските средства потребни за спроведување на Законот, начин на нивно обезбедување, податоци за тоа дали спроведувањето на законот повлекува материјални обврски за одделни субјекти**

Предлогот на Законот за изменување и дополнување на Законот за гробишта и погребални услуги не повлекува материјални обврски за одделни субјекти.

**Предлог на Закон за изменување и дополнување**
**на Законот за гробишта и погребални услуги**

**Член 1**

Во Законот за за гробишта и погребални услуги („Службен весник на Република Македонија“ број 86/2008), во член 30 став (1 ) се менува и гласи:

“ (1) Лицата од член 20 на овој закон погребување вршат врз основа на одобрение за погреб кое кое се издава од управителот на гробиштата.“

**Член 2**

По член 30 се додава нов член 30-а кој гласи:

„Член 30-а

За извршеното погребување, лицата од член 20 на овој закон до Министерството за правда - Управата за водење на матини книги доставуваат примерок од одобрението за погреб издадено од управителот на гробиштата“.

**Член 3**

Во член 40 по став 2 се додава нов став 3 кој гласи:

“Доколку при вршењето на инспекциски надзор државниот комунален инспектор констатира дека јавното претпријатие работите на управител на гробишта и погребални услуги ги врши спротивно на условите пропишани со овој закон, ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка за изрекување прекршочна санкција предвидена во член 44 став 1 на овој закон. Доколку и по изречената прекршочна санкција ги врши работите спротивно на условите пропишани со овој закон, државниот комунален инспектор ќе поведе постапка за изрекување прекршочна санкција предвидена во член 44 став 2 на овој закон. “

Ставовите 3, 4, 5 и 6 стануваат ставови 4, 5, 6 и 7.

**Член 4**

По член 40 се додава нов член 40-а кој гласи:

„Член 40-а

(1) Инспекторите од член 40 на овој закон инспекцискиот надзор го вршат преку редовен и вондреден инспекциски надзор.
(2) Редовен инспекциски надзор е најавен надзор кој се врши врз основа на програмата за работа на инспекторатот односно инспекциската служба и опфаќа надзор над спроведувањето на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон.
(3) Вондредниот инспекциски надзор е ненајавен надзор и се врши врз основа на иницијатива поднесена од државни органи, физички или правни лица како и по службена должност“.

**Член 5**

Во член 42 во став (2) зборовите „членот 39“ се заменуваат со зборовите „членот 40“.

Во став 3 по зборовите „решението до“ се додаваат зборовите „комисија од три члена именувана од“.

Во став 4 по зборовите „решението до“ се додаваат зборовите „комисија од три члена именувана од“.

**Член 6**

По член 42 се додаваат два нови члена член 42 –а и член 42-б кои гласат:

Постапка за едукација

Член 42-а

(1) Доколку при вршењето на инспекцискиот надзор овластениот комунален инспектор утврди дека е сторена неправилност од член член 17 став 1 алинеја 11 и член 24 став 2 и 4 од овој закон, должен е да состави записник во кој ќе ја утврди сторената

неправилност со укажување за отстранување на утврдената неправилност во определен рок и со едновремено врачување на покана за спроведување на едукација на лицето или субјектот каде е утврдена неправилноста при вршењето на инспекцискиот надзор.

(2) Формата и содржината на поканата за едукација како и начинот на спроведување на едукацијата ја пропишува министерот надлежен за вршење на работите од областа на комуналните работи.

(3) Едукацијата ја организира и спроведува овластениот комунален инспектор, во рок не подолг од осум дена од денот на спроведувањето на инспекцискиот надзор.

(4) Едукацијата може да се спроведува за повеќе утврдени исти или истородни неправилности, за еден или повеќе субјекти.

(5) Доколку во закажаниот термин лицето или субјектот над кој се спроведува едукација не се јави на едукацијата, ќе се смета дека едукацијата е спроведена.

(6) Доколку лицето или субјектот над кој се спроведува едукација се јави на закажаната едукација и истата ја заврши, ќе се смета дека е едуциран по однос на утврдената неправилност.

(7) Доколку овластениот комунален инспектор при спроведување на контролниот надзор утврди дека се отстранети утврдените неправилности од став 1 од овој член, донесува заклучок со кој ја запира постапката на инспекциски надзор.

(8) Доколку овластениот комунален инспектор при спроведување на контролниот надзор утврди дека не се отстранети утврдените неправилности од став 1 од овој член, поднесува барање за поведување на прекршочна постапка пред Комисија за одлучување по прекршоци во Министерството за транспорт и врски.

(9) Општината води евиденција за спроведената едукација на начин пропишан од министерот надлежен за вршење на работите од областа на комуналните работи.

Член 45-б

Општините и Државниот комунален инспекторат за извршените инспекциски контроли, изготвуваат квартални извештаи и ги објавуваат на својата web страница.“

**Член 7**

Називот на глава VIII „Прекршочни одредби“се менува и гласи „VIII Казнени и прекршочни одредби„ а по член 43 се додава нов член 43-а кој гласи:

„Член 43-а

(1) Лице кое врши погребални услуги без добиена дозвола за вршење на погребални услуги и кое нема да достави податоци односно примерок од одобрението за погреб до Министерството за правда - Управата за водење на матини книги со што се нарушува системот на евиденција на починати лица во матичната книга на умрени лица и во другите евиденции за починати лица, ќе се казни со парична казна од 100.000 до 300.000 денари.

(2) Одговорното лице на правното лице од став 1 на овој член за делото од став 1 на овој член ќе се казни со казна затвор од три до пет години.

(3) Покрај казната затвор од став (2) на овој член на одговорното лице за истото дело му се изрекува и привремена забрана за вршење одделна професија, дејност или должност во траење од три до шест месеци“.

**Член 8**

Во член 44 став (1)точката 6 се менува и гласи:

„6) изврши погребување без одобрение за погреб (член 30 став 1);

**Член 9**

Во член 45 став (1), точките 6, 11 и 13 се бришат, а во точката 15 која станува точка 13 бројот „2“ во заградата, се заменува со бројот „3“.

**Член 10**

По член 45 се додаваат два нови члена 45-а и 45-б кои гласат:

„Член 45-а

(1) Глоба во износ од 500 до 1000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правно лице, ако:
- нема утврдено ред и работно време на гробиштата или не се придржува кон утврдениот ред, работното време и обезбедување мир на гробиштата (член 17 став 1 алинеја 11);
- врши превоз на посмртни останки на умрени лица со товарни, патнички и други видови на возила (член 24 став 4 ) и
- возилото регистрирано за превоз на посмртни останки на умрени лица го користи за други намени (член 24 став 2).

(2) За прекршоците од став (1) на овој член глоба во износ од 200 до 400 евра во денарска противвредност ќе му се изрече и на одговорното лице во правното лице.“

Член 45-б

(1) Прекршочната постапка за прекршоците од член 44 став (1) и 2 и 45 став (1) и (2) од овој закон се води пред надлежниот суд, а постапката од член 44 став (3), 45 став (3) и 45-а од овој закон се води пред Комисија за прекршоци во Министерството за транспорт и врски.

(2) Комисијата од став (1) на овој член е составена од два члена и претседател. Членовите на комисијата имаат завршено високо образование и работно искуство од најмалку две години, а претседателот е дипломиран правник со работно искуство од најмалку четири години.“

**Член 11**

Член 46 се менува и гласи:

“(1) За прекршоците од член 44 став (1) и (2,) член 45 став (1) и (2) и член 45 –а од овој закон, инспекторите од член 39 на овој закон пред поднесување на барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежен суд од Комисијата за прекршоци во Министерството за транспорт, ќе спроведат постапка за порамнување.

(2) Кога инспекторите од член 39 на овој закон ќе констатираат прекршок од став (1) на овој член составуваат записник во кој се забележуваат битните елементи на прекршокот, времето, местото и начинот на сторување на прекршокот, описот на дејствието на прекршокот и лицата затекнати на самото место. Записникот го потпишува овластеното службено лице и сторителот. Ако сторителот го признае прекршокот службеното лице ќе му издаде платен налог заради наплата на глобата за прекршокот.

(3) Со потписот на платниот налог се смета дека сторителот на прекршокот се согласува да ја плати изречената глоба.

(4) Сторителот на прекршокот од став (1) на овој член е должен да ја плати глобата во рок од осум дена од денот на приемот на платниот налог на сметка на Буџетот на Република Македонија означена во платниот налог. Сторителот кој ќе ја плати глобата во рокот утврден во овој став ќе плати само половина од изречената глоба.

(5) Доколку сторителот на прекршокот одбие да се потпише на платниот налог инспекторите од член 39 на овој закон ќе евидентираат дека лицето одбило да се потпише и истите ќе се потпишат со полно име и презиме на платниот налог.

(6) Ако сторителот на прекршокот од став (1) на овој член не ја плати глобата во рокот утврден во платниот налог инспекторите од член 39 на овој закон ќе поднесат барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежен суд или Комисијата за прекршоци во Министерството за транспорт.

(7) Инспекторите од член 39 на овој закон се должни да водат евиденција за прекршочните постапки за порамнување.“

**Член 12**

Подзаконскиот акт од член 45-б став (9) на овој закон ќе се донесе во рок од 30 дена од влегувањето во сила на овој закон.

**Член 13**

Се овластува Законодавно правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за гробишта и погребални услуги.

**Член 14**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во во „Службен весник на Република Македонија“.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

**I. Објаснување на содржината на одредбите на Предлог законот.**

Со предложеното изменување и дополнување на Законот за гробишта и погребални услуги се предлагаат измени и дополнувања во поглед на дополнување на одделни одредби од Законот, пропишување на казнени одредби и доуредување на прекршочните одредби.

Така со член 1 од Законот во членот 30 со кој се пропишува дека за извршување на погреб управителот на гробиштата издава одобрение за погреб, со измените се предлага обврска за лицата кои ги вршат погребалните услуги, погребувањето да го вршат врз основа на одобрение за погреб, а за извршеното погребување овие лица до Министерството за правда – Управата за водење на матични книги да доставуваат примерок од одобрението за погреб, издадено од управителот на гробиштата. На овој начин се уредува прашањето за доставување на податоци до надлежниот орган за водење на матичните книги заради воспоставување на целосна евиденција во матичната книга на умрените за лицата кои се починати, односно погребани.

Со членот 3 и 4 од Предлогот на законот се врши дополнување на одредбите кои се однесуваат на инспекцискиот надзор заради усогласување на законот со Законот за инспекциски надзор.

Со членот 5 од Предлогот на законот се предлага воведување на кривично дело за правно лице кое врши погребални услуги без дозвола за вршење на погребални услуги и ако не достави податоци односно примерок од одобрението за погреб до надлежниот орган за водење на матичната книга на умрени лица и во другите евиденции за починати лица. Ова со цел да се воспостави целосна евиденција на починатите лица која се води во Управата за водење на матични книги како и во другите евиденции кои се водат заради избирачките списоци, податоците за издавање на лични карти итн.

Со член 6 од Предлогот се предлагаат измени во поглед на овластување на Државниот комунален инспекторат кога ќе констатира дека јавно претпријатие работите на управување со гробишта и погребалните услуги ги врши спротивно на законот, да покрене прекршочна постапка против јавното претпријатие и одговорното лице.

Со членовите 7 и 8 од Предлогот на законот се врши допрецизирање на прекршочните одредби како и воведување на постапка за едукација на сторителите на неправилностите предвидени како полесни прекршоци, предвидени со овој закон.

Со член 11 се менува членот 46 од Законот заради усогласување со Законот за прекршоците така што се предвидува за сторените пркршоци предвидени со член 44 и 45, надлежните инспектори пред поднесување на барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежен суд да спроведат постапка за порамнување.

## II. Меѓусебна поврзаност на решенијата содржани во предложените одредби

Решенијата содржани во предложените одредби имаат за цел соодветна практична имплементација на постојните законски одредби како и дополнување на Законот со казнена одредба односно кривично дело. Ова со цел да се отстранат одредени неправилности во евиденциите што се водат во надлежните органи за починати лица. Имено до сега не постоеше законска обврска лицата кои вршат погребални услуги податоците за извршен погреб да ги доставуваат до Управата за матични работи каде се води матична книга на умрени лица. Имајќи ја во вид евиденцијата многу лица кои долги години се починати се уште се водат како живи лица, со што не може правилно да се ажурираат податоците во Избирачкиот список во Републиката, а од друга страна постојат и недоследности и во другите евиденции.

## III. Последици што ќе произлезат од предложените решенија

Со усвојување на предложените решенија ќе се постигне прецизирање на одредбите на Законот за гробишта и погребални услуги и создавање на нормативни услови за казнени мерки за лицата кои се должни да доставуваат податоци за погребани лица.

## ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ КОИ СЕ ИЗМЕНУВААТ ОДНОСНО ДОПОЛНУВААТ

**Член 30**

1) За извршување на погреб управителот на гробиштата издава одобрение за погреб.
2) Одобрението од ставот 1 на овој член се издава само врз основа на приложување на документација од членот 22 став 3 на овој закон.
3) Погребувањето задолжително се врши од мртовечница. По исклучок, погребувањето може да не се изврши од мртовечница, само во случаи ако во општината или населеното место нема мртовечница или ако немало услови посмртните останки да бидат пренесени во мртовечница, како и во други случаи определени од органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на здравството или органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на внатрешните работи.
4) Погребувањето мора да се изврши без оглед на жителство, државјанство, етничка, расна или верска припадност на умреното лице.
5) При погребувањето може да се изведуваат верски обреди. Со објектите за вршење на верски обреди кои се наоѓаат на гробиштата управува верската заедница.

**Член 42**

1) За извршениот инспекциски надзор, односно утврдената состојба и преземените мерки од надзорот, инспекторот од членот 39 на овој закон е должен да состави записник во присуство на овластено лице односно службено лице на инспектираниот субјект кој го потпишува записникот за утврдената состојба.
2) Инспекторите од членот 39 ставови 3 и 4 на овој закон по извршениот инспекциски надзор донесуваат решение.
3) Против решението на овластениот комунален инспектор може да се поднесе жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на комуналните работи.
4) Против решението на државниот санитарен и здравствен инспектор може да се поднесе жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работи од областа на здравството.

**Член 43**

1) Надзор над законитоста на работењето на органите на општината, на органите на општините на градот Скопје, односно на органите на градот Скопје, го врши органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на комуналните работи.
2) При вршењето на надзорот од ставот 1 на овој член органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на комуналните работи ги врши следните работи:

1. ја следи законитоста на работата на органите на општината, органите на општините во градот Скопје, односно органите на градот Скопје, превзема мерки, активности и поднесува иницијативи за остварување на надлежностите на органите на општината, на органите на општините во градот Скопје, односно на органите на градот Скопје што се однесуваат на оваа дејност;
2. им укажува на органите на општината, на органите на општините во градот Скопје, односно на органите на градот Скопје на пречекорувањето на нивните надлежности утврдени со овој закон и предлага соодветни мерки за надминување на таа состојба;
3. укажува на определени материјални и процедурални недостатоци на органите на општината, на органите на општините во градот Скопје, односно на органите на градот Скопје кои би можеле да го оневозможат вршењето на работите утврдени со овој закон, а кои се од јавен интерес.

4. дава препораки за доследно спроведување на надлежностите за работите кои треба да ги вршат согласно со овој закон, а на барање на органите на општината, на органите на општините во градот Скопје, односно на органите на градот Скопје и

5. го следи навременото донесување на актите на органите на општината, на органите на општините во градот Скопје, односно на органите на градот Скопје утврдени со овој закон.

**Член 44**

1) Глоба во износ од 3.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правно лице ако:

1. не ги одржува гробиштата согласно членот 9 став 5 на овој закон;
2. не води посебно сметководство за приходите остварени од вршењето на дејноста управување со гробишта (член 14 став 3);
3. врши управување со гробишта без дозвола (член 15 став 1);
4. врши управување со гробиштата спротивно на членот 17 од овој закон;
5. не обезбеди еднакви и недискриминаторски услови за пристап и користење на комуналната инфраструктура на гробиштата и придружните објекти на гробиштата на оператор на погребални услуги и каменорезач (член 18 став 1);
6. врши погребални услуги без дозвола за вршење на погребални услуги (член 20);
7. изврши погребување надвор од гробиштата при евентуални природни и други несреќи, војна, тероризам, епидемии, погребување на црковни великодостојници по одлука на црква, верска заедница или религиозна група, без одобрение (член 29 став 3 );
8. не издаде одобрение за извршување на погребување, по приложување на документација со која е констатирано дека лицето е умрено (член 30 став 1 и 2);
9. врши откопување на гробно место без претходно одобрение од органот надлежен за вршење на работите од областа на внатрешните работи и од органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на здравството (член 36 став 2 ) и
10. врши откопување на гробно место во кое е погребано лице умрено лице од заразни болести без дозвола органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на здравството (член 36 став 6 ).

2) За прекршокот од ставот 1 на овој член глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече и на одговорното лице во правното лице и ќе му се изрече прекршочна санкција забрана за вршење дејност или должност во траење од една година до три години.

3) За прекршок од ставот 1 точка 8 и 9 на овој член овластениот комунален инспектор може на самото место да изрече глоба во износ од 600 евра во денарска противвредност на одговорното лице во правното лице, при што на сторителот на прекршокот ќе му достави покана за плаќање на глобата, која треба да ја плати во рок од осум дена од денот на доставувањето на поканата.

4) Ако сторителот не ја плати глобата од ставот 3 на овој член во рок определен со поканата, овластениот комунален инспектор ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка.

**Член 45**

1) Глоба во износ од 1.500 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правно лице ако:

1. не изготви проект за распоредување на парцели за гробни места (член 9 став 3);
2. гради надгробни споменици спротивно на членот 10 став 1 од овој закон;
3. гради надгробни споменици и испишува текстови спротивно на членот 10 став 3 од овој закон;
4. не води дневник и регистар на сите погребани лица (член 17 став 1 алинеја 5);
5. не воспостави и води евиденцијата на носител на гробно место (член 17 став 1 алинеја 6);
6. нема утврдено ред и работно време на гробиштата или не се придржува кон утврдениот ред и работното време на гробиштата (член 17 став 1 алинеја 11);
7. не издаде протокол согласно членот 18 став 2 од овој закон;

8. не дозволи пристап и користење на комуналната инфраструктура и придружните објекти согласно членот 18 став 3 од овој закон;

9. врши преземање и превоз на посмртните останки на умреното лице со возило кое не е наменето за превоз на умрени лица (член 22 став 1);

10. врши преземање на умрено лице без документација издадена од овластено лице за констатирана смрт (член 22 став 3 );

11. возилото регистрирано за превоз на посмртни останки на умрени лица го користи за други намени (член 24 став 2);

12. не изврши дезинфекција на возилото (член 24 став 3);

13. врши превоз на посмртни останки на умрени лица со товарни и патнички и други видови возила (член 24 став 4);

14. изврши изложување на одар на умрени лица од заразни болести (член 27 став 2);

15. издаде одобрение за погреб без документација со која е констатирано дека лицето е умрено (член 30 став 2);

16. изврши погребување на умрено лице во гробно место пред истекот на времето за мирување (член 34 став 1);

17. лицата кои вршат откопување немаат заштитна облека и обувки (член 36 став 4);

18. по извршеното откопување на посмртните останки не изврши дезинфекција на сандакот, на гробот и на гробното место (член 36 став 5) и

19. не им овозможи непречено вршење на инспекциски надзор на инспекторите од членот 39 на овој закон и не им ја даде на увид целата документација што е предмет на надзорот (член 41).

2) За прекршокот од ставот 1 на овој член глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече и на одговорното лице во правното лице и ќе му се изрече прекршочна санкција забрана за вршење дејност или должност во траење од една година до три години.

3) За прекршок од ставот 1 точка 10, 12, 14 и 18 од овој член овластениот комунален инспектор може на самото место да изрече глоба во износ од 600 евра во денарска противвредност на одговорното лице во правното лице, при што на сторителот на прекршокот ќе му достави покана за плаќање на глобата која треба да ја плати во рок од 8 дена од денот на доставувањето на поканата.

4) Ако сторителот не ја плати глобата од ставот 3 на овој член во рок определен со поканата, овластениот комунален инспектор ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка.

**Член 46**

1) За прекршоците од členовите 44 и 45 на овој закон овластениот комунален инспектор може на сторителот на прекршокот да му предложи посредување и постигнување на согласност со која сторителот на прекршокот треба да ја плати глобата, други давачки или да ги отстрани последиците од прекршокот.

2) Инспекторот од ставот 1 на овој член составува записник за прекршокот во кој се констатира согласноста на двете страни за покренување на постапка за посредување. Записникот се потпишува од двете страни.

3) Постапката за посредување се покренува со доставување на записникот од ставот 2 на овој член до Комисијата за посредување, во рок од три дена од денот на неговото составување и потпишување.

4) Постапката за посредување се води пред Комисија за посредување формирана од министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на комуналните работи (во понатамошниот текст: Комисија).

5) Комисијата составена е од три члена од кои еден е претседател. Членовите на Комисијата се избираат од редот на државните службеници вработени во органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на комуналните работи. Еден од членовите на Комисијата е дипломиран правник.

6) Претседателот на Комисијата е должен постапката да ја започне во рок од 24 часа од денот на приемот на записникот.
7) Комисијата работи на седница на која задолжително присуствува претставник од сторителот на прекршокот и овластениот комунален инспекторат.
8) За постигнатата согласност во постапката за посредување се склучува спогодба со сторителот на прекршокот.
9) Во спогодбата се утврдуваат обврски за сторителот на прекршокот и тоа:
- висина и начин на плаќање на глобата;
- висина и начин на плаќање на други давачки и трошоци и
- мерки кои треба да ги превземе за отстранување на последиците од прекршокот.
10) Во случаите во кои е постигната согласност во постапката за посредување, глобата на сторителот за сторениот прекршок може да биде намалена за една половина од максимум пропишаната глоба за прекршокот.
11) Комисијата е должна да води евиденција за поведените постапки за посредување и нивниот исход.
12) Спогодбата од ставот 8 на овој член има сила на извршна исправа.
13) Ако постапката за посредување не успее, се поднесува барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежниот суд за прекршоци.